## IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и други средства.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Заради стимулирање на колективната станбена и деловна изградба по предлог на Градоначалник а со Одлука на Советот на Општина Демир Капија се дава можност за соодветно намалување во делот на надоместокот за уредување на градежно земјиште каде што реалните трошоци за комунално уредување го дозволуваат истото и тоа за изградба на:
   - Колективна станбена изградба;
   - Странски инвестициони вложувања;
   - Стопански и деловни објекти кои овозможуваат поголем степен на вработување.
2. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Демир Капија .
3. Се овластуваат Градоначалникот во реализација на Програмата да преземе мерки за поефикасна реализација на Програмата.
4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 919/12
28.12.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

### З А К Л У Ч О К
### За објавување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2024 година

Се објавува Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Број 09 –937/10
29.12.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020 и 111/23), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 28.12.2023 година, донесе:

### Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
### За изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2024 година

Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија е годишна програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку преку кои ќе се овозможи отварање на нови локации за:

- А – домување (во станбени куќи и згради);
- Б – комерцијални и деловни намени;
- В – јавни институции;
- Г – производство, дистрибуција и сервиси;
- Д – зеленило, спорт и рекреација
- Е – инфраструктура

Планирање се овозможува преку:

- Генерален урбанистички план
- Измена и дополнување на Генерален урбанистички план или делови на Генерален урбанистички план
- Измени и дополнување на Детални урбанистички планови, како и изработка на нови Детални урбанистички планови
- Урбанистички план за село
- Урбанистички план вон населено место

## П Л А Н И Р А Њ Е

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, Општината (нарачателот на планот) склучува договор за изработка на план со правно лице кое поседува лиценца (изготвувач на планот) за плановите што ги финансира општината.

Со договор се утврдува содржината на планот, роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изготвувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

1. Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште;

2. Самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица;

3. Средства од буџетот на Општина Демир Капија предвидени за изработка на урбанистички планови;

4. Средства од надоместок за уредување на правен статус на бесправно изградени објекти;

5. Средства добиени за изработка на урбанистички планови од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој;

6. Средства од буџетот на Републиката предвидени со годишната програма за изработка на плановите што се согласно член 41 од Законот за урбанистичко планирање(,,Службен весник на РСМ'' бр.32/2020) ја донесува Владата на Република Северна Македонија;

Планови кои во текот на оваа година се потребни и всушност претставуваат и основа за вклопување на бесправна градба, како и основа за развој на малото стопанство со постојна идустрија се:

### I. ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ГУП Демир Капија

### II. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Измена и дополна на ДУП за зона за домување место викано „8 Март“ Демир Капија
2. Измена и дополна на ДУП за УБ 5 (Церот) во Демир Капија
3. Измена и дополна на дел од ДУП „УБ 12“ Демир Капија
4. Измена и дополна на ДУП за зона за домување „Партизанска 2“ во Демир Капија
5. Измена и дополна на блок 4 и 5 од ДУП за зона за домување "ИГРАЛИШТЕ" во Демир Капија, Општина Демир Капија
6. Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 12 - Опфат 1, општина Демир Капија
7. Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 12 - Опфат 2, општина Демир Капија

### III. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

1. Изработка на урбанистички план за село Бистренци во Демир Капија,
2. Изработка на урбанистички план за село Прждево во Демир Капија,
3. Изработка на урбанистички план за село Дрен во Демир Капија,
4. Измена и дополна на урбанистички план за село Дрен (локалитет Дошница) во Демир Капија.

5. Измена и дополна на Блок 2 од Урбанистички план за село Чифлик, Општина Демир Капија

## IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Измена и дополна на Урбанистички план вон населено место во место викано Попова Кула во КО Демир Капија, Општина Демир Капија

## V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 1MW, на КП 44, КП 45/1, КП 45/2 и КП 45/3, КО Прждево, Општина Демир Капија;

2. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 1MW, на КП 37/2 и КП 42, КО Прждево, Општина Демир Капија;

3. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Корешница - Општина Демир Капија;

4. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Прждево - Општина Демир Капија;

5. Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Бистренци - Општина Демир Капија;

6. Урбанистички проект за инфраструктура за водоводна и фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води во село Дрен (локалитет Дошница) - Општина Демир Капија;

7. Урбанистички проект за инфраструктура за далекувод ДВ - 10(20) kV отклон Арекспорт", К.О. Бистренци и нова столбна трафостаница СТС 10(20)/0.4 kV; 160 kVA "Арекспорт", К.О. Бистренци, Општина Демир Капија;

8. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Д4.3 – гробишта на КП 582 КО Корешница, Општина Демир Капија;

9. Урбанистички проект со план за парцелација на планскиот опфат на ЛУПД за изградба на лесна индустрија покрај магистралникот пат Скопје-Гевгелија на дел од КП 160, КП 126/2, КП 15 и КП 125 КО Челевец, Општина Демир Капија (решение бр.УПI10-45/4 од 18.01.2017);

10. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900, дел од КП 903/1, дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;

11. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;

12. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;

13. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;

14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 72, дел од КП 73, дел од КП 74 и дел од КП 75, КО Прждево, Општина Демир Капија

15. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 74, дел од КП 75, дел од КП 81/1 и дел од КП 81/2, КО Прждево, Општина Демир Капија

16. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 75, дел од КП 81/1 и дел од КП 81/2, КО Прждево, Општина Демир Капија

17. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 75, КП 76, КП 77, КП 78, дел од КП 81/1 и дел од КП 81/2, КО Прждево, Општина Демир Капија

18. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б5.1 – хотелски комплески на дел од КП 1051/1, дел од КП 1050/2, дел од КП 800, дел од КП 799, дел од КП 803, дел од КП 797, КП 796, КП 798, КП 801, КП 802, КП 805 и дел од КП 795/1, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

19. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Б 5.1 – хотелски комплекси на КП 5549 и дел од КП 4480, КО Демир Капија, Општина Демир Капија

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Урбанистичките планови се изработуваат врз основа на планска програма со која се утврдува границата и содржината на планскиот опфат.

Цената на плановите се пресметува по хектар површина, по договор со правното лице по пат на јавна набавка согласно Законот за јавните набавки.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Демир Капија’’.

Број 08 – 919/13
28.12.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Број 09 –937/11
29.12.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---